Врз основа на член 121 став (3), член 31 став (2) точките 22 и 23 од Изборниот законик ( " Службен весник на Република Македонија бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/2014 год. " ) и член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, Државната изборна комисија на 100 – та Седница одржана на 30.04.2014 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на конечни резултати за избор на Претседател на Република Македонија**

I. На спроведените избори за избор на Претседател на Република Македонија ( втор круг ) на 27.04.2014 година Државната изборна комисија, врз основа на записниците од Општинските изборни комисии (Обрасци број 21а и 21 гс ) ги објавува конечните резултати:

Вкупен број на избирачи запишани во Избирачкиот список изнесува - 1.779.572
Вкупен број на избирачи кои гласале – 967.694
Процент на избирачи кои гласале – 54,38%
Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња – 811.870
Вкупен број на важечки гласачки ливчиња – 932.987
Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња – 34.707
Процент на неважечки гласачки ливчиња од избирачи кои гласале – 3,59%

За кандидат за Претседател на Република Македонија, број на листа 1.ЃОРЃЕ ИВАНОВ (55 пратеници)

- добиени гласови - 534.910
- процент од избирачи кои гласале – 55,28%

За кандидат за Претседател на Република Македонија, број на листа 3.СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ (38 пратеници)

- добиени гласови - 398.077
- процент од избирачи кои гласале – 41,14%

---

II. Врз основа на резултатите од точката 1 на овој Заклучок за Претседател на Република Македонија е избран Ѓорѓе Иванов предложен од 55 пратеници.

III. Државната изборна комисија ќе издаде уверение на Ѓорѓе Иванов, избран за Претседател на Република Македонија.

IV.Овој Заклучок да се објави на ВЕБ страницата на Државната изборна комисија.

Број 09-2050/1
30.04.2014 година

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Никола Рилкоски

Изготвил:З.Петровиќ
Одобрил:Б.Стојановска